Амалија ЈОВАНОВИЌ

# ОПШТЕСТВЕНАТА ПОЛОЖБА И ОПШТЕСТВЕНАТА МОБИЛНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Можеби ќе се постави прашањето, зошто и што ќе се зборува за жените посебно по повод на 50-та годишнина на постоењето на Филозофскиот факултет и под насловот на советувањето: Хуманистичката мисла и општествената стратегија - Состојби и перспективи. Една од причините е дека проблематиката на жените и населението е постојанен дел од стручната преокупација на авторот, а вториот е токму тоа што се работи за Филозофскиот факултет, кој по својата педагошка насоченост бил и е отворен за образование за занимањата кои биле и се пошироко прифатени од општествената средина како „нормални" односно очекувани за жените. И трето затоа, што хуманистичката мисла никогаш не била имуна за човекот без оглед на полот, а општествената стратегија едноставно не е можна ниту пожелна без да ги земе предвид сите ресурси. Во сите светски документи (најновиот од нив е Акциската програма на меѓународната конференција за населението и развој) учеството и улогата на жените непосредно се врзува за можноста и потребата од сестран социо-економски развој и претставува стратешко прашање за развојот во сите општества. Развојната стратегија која ја негира потребата од унапредувањето на улогата на жените не може да води кон сестран и усогласен општествен развој.Појдовната точка според тоа е улогата и учеството на жените да се признаат како динамички фактор ,како драгоцен извор на можности за севкупниот развој, а не како „пречка" или „трошок" или едноставно како пасивен субјект на општествената заштита или потрошувач на услугите на социјалната помош, кои немаат ништо заедничко со политиките и стратегиите на општествениот развој. Спротивно, во општествата во транзиција во кои се присутни неопходните економски, политички, социјални, културни и многу други промени, некористењето на сите можни извори претставува загуба. Всушност веќе знаеме од историјата на социолошката мисла кога се појави сфаќањето, степенот на еманципација на општеството и неговиот развој да се мери со степенот на еманципацијата на жените.

Друго, на што би сакале да обрнеме влијание е дилемата, дали во социолошките испитувања за општествената положба и за општествената подвижност на населението е потребен посебен методолошки пристап, кога се работи за испитувањето на општествената положба на жените и нивната мобилност одделно. Општиот пристап кој не ја зема во обзир поделбата според полот дава впечаток дека се работи за социологија која е вредносно неутрална, слободна социологија. Во прилог на него е главно и севкупната статистичка евиденција релевантна за испитувањето на општествената слоевитост,која не ги изнесува диференцирано податоците според полот. Всушност се работи за пристапот,кој не усвоил определена општествена практика која потврдува дека мажите и жените претставуваат два различни света, и дека не е можно општествената стварност да се истражи без да се земаат предвид диференцијациите според полот.

Од друга страна се чини дека поимот на феминистичката методологија пак може да биде повеќе политички, контроверзен и содржи извесни лични и /или полтички симпатии на истражувачот. Во прилог на феминистичката перспектива е подвлекувањето на основните ограничувања во социолошките истражувања каде што местото на жените е субординирано, игнорирано и невидно. Всушност се обрнува внимание на „невидливоста“ на жените во социолошките истражувања. Тие се појавуваат само по потреба, кога тие се релевантни за нештата во светот кој фактички го водат машките принципи и интереси. Прифаќајќи го таквиот пристап, жените се отуѓени од сопственото искуство во обемот, во кој тие тоа го прифаќаат. А прашањето е, колкава е нивната објективна можност за да го прифатат таквиот пристап или не и колку се во состојба да не го прифатат. Зависи од нивната општествена моќ, од можностите на влијание и одлучување. Во испитувањето на општествената положба ,со овој проблем се судрува истражувачот, кога сака да го мери статусот на жените, како единица на испитување или ако сака да го измери нивниот придонес во семејниот општествен статус, бидејќи тој се мери преку статусот на таткото (за немажените) или преку статусот на мажот (за мажените и за децата). Извесно е дека има влијание врз општествениот стаус на семејството, брачната двојка или дури на статусот на мажот или таткото поединечно, доколку жената врши или не врши и општествена улога. Особено тоа важи за општествата какво што е нашето, во кое поради неговото општествено и политичко уредување каналите на мобилност биле и сеуште се достапни и отворени за мнозинството на населението. Големината на придонесот не може да се испита без посебно комплексно истражување за следењето на положбата како и мобилноста на жените и мажите преку различни канали, без оглед дали се работи за интер- или интра-генерациската мобилност.

Што се однесува до општествената положба на жените во нашето општество, мошне е тешко денес да се зборува за неа. Многуте промени во опшествениот, секојдневниот живот и работата не даваат можност за некој сигурен и опстоен индикатор, без посебно истражување. Сепак, кога зборуваме за општа општествена положба на жените, како посебна група население, различна по пол, сакаме да обрнеме внимание на неколку работи за кои сметаме дека се значајни за сфаќањето и определувањето на нивната вкупна општествена положба.

Првата е од терминолошки карактер. Кај нас често се употребува терминот еднаквоста како синоним за рамноправност. Всушност не се работи за еднаквоста на жените со мажите, бидејќи таа е неможна, туку евентуално за еднаквите општествени услови и можности, односно за рамноправноста меѓу нив која е можна без оглед на биолошката нееднаквост. Да се биде жена не мора секогаш да значи недостаток. Предодреденост и разноликост на нивните улоги може да претставува предимство за определени работни места,за определени занимања и определени функции. За донесување определени одлуки може да биде предимство. Дури терминот рамноправност не го оптоваруваат идеолошките или демагошките примеси, бидејќи со него не се наметнува потребата од компарација само врз основа на полот, туку напротив, се наметнува потребата од компарација за поголема или помала погодност за соодветноста на вршењето на работата или соодветноста на работното подрачје, каде што фактот, да си жена или маж претставува предимство кое општеството треба да го земе предвид во развојната стратегија.

Второ, жените во нашето општество имале и ги имаат сите формални права веќе повеќе од 50 години. Тука влегуваат и правата на пристапот и користењето на сите можни канали за општествената подвижност, какви што се образованието, вработувањето, политичките права - право да избираш и да бидеш избран и сл. Но, кога ќе ги погледаме податоците за остварувањето на тие права, тогаш состојбата е различна и укажува на нерамномерното користење на дадените права меѓу половите. На пример со правото на вработувањето, веќе со години по ред учеството на жените е значително помало и стабилно (37,7 %). Кога зборуваме на пример за еднакви плати за еднаква работа, сите сме убедени дека кај нас нема разлики. Но, кога ќе ја погледнеме масата на платите на жените таа е помала отколку кај мажите, бидејќи тие се ограничени со нивните вработувања во нискоакумулативните гранки на дејноста и не се остварува принципот за еднаква работа еднаква плата. Или, кога зборуваме за можностите на одлучувањето во нашето општество. Жените и во најновиот период се присутни на пониските нивоа на одлучувањето. На повисокото ниво на одлучување,

има се помалку жени. Дури положбата се влошува ,што покажуваат и најновите избори и на локалното ниво.

Во состојба на стопанското преструктурирање, во процесот на отпуштањето од работа, жените повторно се на прво место, не затоа што се тие помалку продуктивни или полоши работници, туку затоа што тие секогаш имаат „резервна" улога, која исто така не е општествено вреднувана.

И последното, што произлегува од тоа, според наше мислење нема посебен проблем со рамноправноста на жената се до нејзиното склучување на брак, односно до формирањето на семејството. Токму на ова подрачје општеството се однесува како репродукцијата да е сосема приватна работа на бракот, односно семејството и оставило простор на жените тие сами да го бараат решението во судирот на двете улоги семејната и општествената. Тоа премногу се наслонило на солидарноста на брачното, односно семејно ниво, а премалку на организирана општествена помош на вработените жени и нивните семејства, бидејќи не се работи за проблемот на рамноправноста на индивидуалното туку општественото ниво, на ниво на речиси половина население во земјата. И не се работи за помош со било каква социјална или хуманитарна конотација, туку за организирано барање на начините за најдобро, рационално искористување на постоечките ресурси. Се поставува прашањето за можноста на користењето на правата што им се дадени на граѓаните, а посебно за правата кои им се дадени на жените во Уставот и законите, не како на поединци, туку како граѓани кои поради определени специфични белези имаат и специфично значење и улога за општеството, заради кои демократски насочени општества во нивните уредувања задолжително треба да го земаат во предвид овој факт, заради соодветен демографски, економски, политички итн. развој. Впрочем, жените и не се некоја посебна општествена група, класа, нација и слично, туку се неизоставен дел на секоја од нив, без кои ниту една од нив не може нормално да функционира. Да претпоставиме само, што би се случило ако сите жени, домаќинки во земјава би престанале да ја вршат нивната речиси невидлива дејност, која општествено воопшто не е вреднувана? Што ако тие би започнале штрајк? Колку енергија, време и пари за организирање на сите домаќински дејности, би му биле потребни на општеството за организирање на нормалниот секојдневен живот? Но, кој во општеството размислува за тоа на таков начин? Ниту жените сами. Се работи за општо прифатени патријархални културни обрасци на размислување кои веќе од детството понатаму ги детерминираат „соодветните" улоги за мажите и жените.

Што се однесува до општествената положба на жената, ако таа претставува елементарна единица на општествената слоевитост, која во себе ги содржи сите елементи на човековата севкупна активност и нејзината општествена подвижност во нашето општество и поради тоа претставува збир на сите улоги, што поединецот ги врши во општеството, односно збир на општествениот надомест што се добива за вршењето на улогите, тогаш тоа значи дека во нашето општество жените немаат еднаква односно соодветна општествена положба како и мажите и дека нивната општествена подвижност особено нагорната е ограничена. Тоа се проверува преку користењето на статистичките и истражувачките податоци по сите релевантни индикатори.

Следејќи ги најновите статистички податоци за основните социо-економските показатели за општествената положба на населението можеме да утврдиме дека општествената положба на жените е поне-поволна од таа на мажите, речиси по сите показател, во дадениот критички момент. Тоа не ја исклучува нагорната подвижност на женското население во целина во изминатите години, после Втората светска војна.

## Економската активност

Од податоците во табелата бр.1 во која се прикажани податоците за населението по пол и активност [1] утврдуваме дека жените се помалку застапени во сите структури, кои значат подобра општествена положба, иако во вкупното население се побројни. Учеството на жените во неактивното население е мошне поголемо од тоа на мажите, 60,1 % спрема 39,9 %. Ако неактивното го раздробиме по категории, во групата „Лица со лични примања“[2] која опфаќа население со извесна материјална независност учеството на жените е помало, 44,2%. Следејќи ги понатаму податоците за издржуваното население , кое претставува најнепогодна економска структура на население, која речиси нема општествени изгледи за било какво влијание врз општествените збиднувања по пол, повторно забележуваме голема диспропорција на сметка на женското население. Од групата издржувано население 64,4 % се жени.

1. Во Пописот од 1994 година активното население го сочинуваат лица на возраст од 15 години и повеќе кои: а.) извршуваат занимање во работен однос или самостојно, б) лица кои на извршуваат занимање, но бараат вработување, како и оние лица, кои го прекинале работниот однос поради отслужување на воениот рок, издржување на казна и в) стечајни работници, кои во овој Попис се издвоени како посебна категорија

2. Лица со лични приходи претставуваат лица кои не припаѓаат во категорија на активно население, туку средствата за живот ги стекнуваат врз основа на други редовни месечни примања или приходи, какви што се: пензија, социјална помош, материјално обезбедување, стипендии или студенстски кредити, приходи од издавање имот под закуп и сл.

Табела 1 : Населението во Р Македонија според активност и пол, според податоците од Пописот 1994 год.

| Население | Вкупно Н | % | Машко Н | % | Женско Н | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1.920.972 | 100 | 958.158 | 49,9 | 962.814 | 50,1 |
| Неактивно | 1.141.875 | 100 | 455.960 | 39,9 | 685.915 | 60,1 |
| Лица со лични примања | 242.601 | 100 | 135.496 | 55,8 | 107.105 | 44,2 |
| Издржувани | 899.274 | 100 | 320.464 | 36,6 | 578.810 | 64,4 |
| Активно | 779.097 | 100 | 502.198 | 64,5 | 267.899 | 35,5 |
| Вршат занимање | 579.453 | 100 | 381.586 | 65,8 | 197.867 | 34,2 |
| Стечајни работници | 12.955 | 100 | 5.456 | 42,1 | 7499 | 57,9 |
| Не вршат занимање | 186.689 | 100 | 115.156 | 61,7 | 71.533 | 38,3 |

Извор: Попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија, 1994 година, Население по активност, пол и возраст, Дефинитивни резултати по општини, Книга II, Скопје 1996 год., стр. 43

Анализирајќи го активното население ( да се види дефиицијата) , кое претставува носечка економска категорија население, кое врши занимање, без оглед какво, за обезбедување на средствата за живот во Македонија според полот, го утврдуваме следното.

Учеството на активните лица во вкупното население изнесува 40,6 %, за мажите 26,1 %, а за жените 13,9 %. Ако го пресметаме учеството на активноста со оглед на вкупното машко, односно женско население тогаш дури можеме подобро да ја констатираме економската моќ на женското население. Имено учеството на активните мажи во однос на вкупното машко население изнесува 52,2 %, додека учеството на активните жени во вкупното женско население изнесува 27,8 %. Ако само споменеме дека врз основа на споредбата меѓу активното население како економска и работниот контингент како демографска категорија можеме да заклучуваме за демографските резерви на работната сила, веднаш можеме да заклучиме за демографските резерви во Македонија. Поточно, со споредбата на неактивните во рамките на работниот контингент со вкупниот работен контингент население се изразува демографската резерва на работната сила односно учеството на економската неискористеност на работниот контингент [3]. И без конкретна анализа можеме да утврдиме дека главните демографски резерви се наоѓаат меѓу женскиот работен контингент.

Да ги разгледаме односите меѓу активното машко и женско население, кое врши занимање. Од сите активни, занимањето го вршат

3. Статистички годишник на Република Македонија, 1995, XXX, Скопје, 1995 година, стр. 6

76 %. Од активните мажи, занимањето го вршат 77,1 %, а од активните жени, занимањето го вршат 73,3 %.

Од стечајните работници во РМ 42 % се мажи, а 58 % се жени. Од податоците за вршењето на занимањето веќе се гледа учеството на вработеноста на жените кое според податоците од пописот 1994 година изнесува 34,2 % (без стечајните работнички), што е уште пониско од стабилното долгогодишно ниско учество од 37,7 %.

Табела 2. Активните кои вршат занимање според занимањето

| | Вкупно | Мажи | Жени Н | % |
|---|---|---|---|---|
| Активните кои вршат занимање | 579453 | 381586 | 197867 | 4,1 |
| Земјоделци и други сродни работници | 91087 | 70800 | 20287 | 22,3 |
| Рудари, индустриски и сродни работници | 194684 | 148208 | 46476 | 23,8 |
| Работници во трговијата | 5507 | 31672 | 23398 | 42,5 |
| Услужни работници | 35258 | 15257 | 20001 | 56.7 |
| Персонал во општествена заштита | 20009 | 19237 | 772 | 3,9 |
| Управни, административни и сродни работници | 57384 | 22743 | 34641 | 60,4 |
| Раководен персонал | 23446 | 18916 | 4530 | 19,3 |
| Стручњаци и уметници | 84944 | 42151 | 42793 | 50,4 |

Извор:Попис на населението, домаќинствата,становите и земјоделските стопанства во Република Македонија, 1994 година, Книга III, Скопје 1997 год., стр.19

Забележливо е дека учеството на жените во некои групи занимања е масовно, дури преку половина се жени, но во групата која е во состојба да донесува одлуки, раководни лица, нивното учество е најниско.

**Образованието**

Образованието е еден од најмасовните канали на општествената мобилност, кој истотака според сите формални права им овозможува на жените постигнување на повисок општествен статус. Податоците од Пописот 1994 година покажуваат дека и во образованието жените не го постигнале нивото на мажите. Тие се масовно застапени на пониските степени на образованието, а помалку на повисоките. Така на пример во категоријата „без училиште" жените учествуваат со 74,1 %, незавршено основно образование со 62,3 % итн. (да се види табела бр.3 ), додека во високо образованите учествуваат со 39,8 %. Иако учеството во високото образование не е за потценување и ука-

жува дека образованито како канал на општествената мобилност навистина масовно се користи, сепак кога се мери учеството на високообразованите жени во вкупното население, кое изнесува 2,1 % и истото се спореди со учеството на мажите, кое изнесува 5,3 % што е двојно повеќе, може да се заклучи за нивната општествена положба.

Можеби може на севкупната положба уште повеќе да укаже показателот за писменоста на населението, а во врска со жените писменоста според полот. Според Пописот на населението во 1994 година, Македонија има 5,4 % неписмени. Од нив жените претставуваат 8,3 %, а мажите 2,5 %. Разликите постојат меѓу селото и градот, како и со оглед на етничката припадност на населението, но без оглед на кој дополнителен белег, меѓу неписмените, жените се побројни. Така на пример учеството на неписмените во вкупното градско население на возраст од 10 и повеќе години изнесува: за мажи 1,5 %, за жени 5,2 %. За селското население за мажи 4,2 %, а за жени 13,1 % итн.

Табела 3. Вкупно население на Република Македонија на возраст од 15 години и повеќе по пол и школска подготовка

| | Вкупно | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Н | % | Н | % |
| Вкупно | 1454082 | 721597 | 50 | 732485 | 50 |
| Без училиште | 95880 | 24843 | 26 | 71037 | 74 |
| Незавршено основно образование | | | | | |
| 1 - 3 оддленија | 23855 | 8993 | 38 | 14862 | 62 |
| 4 одделенија | 211661 | 82790 | 39 | 128871 | 61 |
| 5 - 7 одделенија | 31865 | 13827 | 43 | 18036 | 67 |
| Основно училиште | 485755 | 237992 | 49 | 247763 | 51 |
| Средно образование | 470009 | 274569 | 58 | 195440 | 42 |
| Училиште за КВ и ВКВ работници и друг стручен кадар | 46029 | 30836 | 67 | 15193 | 33 |
| Гимназија | 60669 | 28316 | 47 | 32353 | 53 |
| Средни училишта за стручен кадар | 257363 | 156766 | 61 | 100597 | 39 |
| Средно насочено образование | 105948 | 58651 | 55 | 47297 | 45 |
| Више образование | 50040 | 28322 | 57 | 21718 | 43 |
| Високо образование | 76566 | 46070 | 60 | 30496 | 40 |

Извор: Попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија, 1994 година, Завод за статистика, Книга II, 1996 година ,стр 36

Податоците за пониските степени образование укажуваат дека во пониските образовни групи жените учествуваат повеќе, што укажува на нивното пониско вкупно образование. Средното образование, како и вработувањето според дејноста покажува сеуште на традиционалниот избор на занимања кај двата пола, што се гледа пред се од застапеноста во училиштата за КВ и ВКВ работници и средните училишта за стручен кадар. Учеството во више и високото образование покажува несомнено на неможноста за стопанството да ги апсорбира завршените ученици од средните училишта. Без оглед на масовноста на образованието за населението во Македонија разликиите по пол, вкупно земено се уште се значителни.

### Поделбата на власта и политичкото одлучување

Индикатор на општествената положба претставува и можност на донесувањето на одлуки во општеството. Учеството на жените на подрачјето на одлучувањето е речиси занемарливо.

И покрај релативно високо ниво на образованоста на жените и вработеноста во групи занимања со високо образование (стручњаци и уметници ), со што ги исполнуваат формалните услови за нивното напредување, тие сразмерно не се застапени на раководните и управувачките места, ниту во дејностите каде тие претставуваат мнозинство вработени. Според тоа не се работи за помалата образованост на жените или нивната неспособност туку по се судејќи за сеуште присутни патријархални културни обрасци кои доминираат во нашето општество, кои на жените им ги пропишуваат „ соодветните“ улоги, од детството понатаму, како и за различното вреднување и општествено очекување, кое е различно за жените и мажите. Бидејќи од жените повеќе се очекува тие својата примарна улога да ја имаат во семејството, во грижата за децата и домаќинството, тие по правило се двојно оптоварени, што влијае и врз нивната професионална кариера. Тоа се огледува и во нивното учество на подрачјето на одлучувањето. Сепак тоа не е единствена причина за намалувањето на учеството на жените во најновиот период, после воведувањето на ново општествено уредување, кога нивното учество е дури значително намалено од претходниот период. Така, и во најновиот период жените се присутни на пониските нивоа на одлучување. Ако е повисоко ниво на одлучување, помалку има жени. Положбата во тој поглед дури се влошува што покажуваат последните избори на локалното ниво. На пример, избрани одборници во Собранието на градската заедница во 1990 година од вкупно 70, жени се 4. Од 1510 избрани одборници во Собранието на општините,

жени се 74 или околу 5 %. Кандидати за пратеници во собранието на РМ биле вкупно 1765, од кои 126 жени. Избрани биле 116 мажи и само 4 жени [4]. Од податоците за изборите може да се утврди и политичката моќ на жените во Македонија.

### Улогата и значењето на семејството

Уште еднаш би го нагласиле значењето на семејството како фактор на рамноправната општествена положба на половите. Се чини, дека нема посебни проблеми во врска со рамноправноста на жените се до нивното склучување на бракот, односно до формирањето на семејството. Токму на ова подрачје општеството или државата се однесува како репродукцијата да е сосема приватна работа на бракот, односно семејството и им оставило простор на жените тие самите да го бараат решението во судирот меѓу двете нивни улоги, семејната и општествената. Жените во развиени општества овој судир главно го решаваат на сметка на мајчинската улога што придонесува до негативни тенденции во репродукцијата на населението. А познато е од демографската историја,а присутно денес дека еднаш нарушените демографски односи многу тешко се воспоставуваат. Особено е тоа тешко во општества кои како нашето има мошне хетерогена општествена положба на жените со различно репродуктивно однесување, а што не е уочливо на ниво на просеците во земјата. Се поставува прашањето за организираниот однос на државата спрема проблемите на женското население после промените во општественото уредување и спрема можноста на користењето на правата што му се дадени на граѓанинот, а посебно за правата што им се дадени на жените во Уставот и законите, а кои им овозможуваат постигнување на соодветна општествена положба.

Што се однесува до општествената положба на жената, ако таа претставува елементарна единица на општествената слоевитост, која во себе ги содржи сите елементи на човековата севкупна активност и нејзината општествена подвижност, а поради тоа претставува збир на сите улоги, што поединецот ги врши во општеството, односно збир на општествениот надомест што го добива за вршењето на улогите, тогаш тоа значи дека во нашето општество жените немаат рамноправна општествена положба како и мажите и дека нивната општествена мобилност е ограничена.

4.Статистички годишник на Република Македонија, 1995, XXX, Скопје, 1995 година, стр.6.

ЛИТЕРАТУРА:

1. Akcijski program mednarodne konference o prebivalstvu in razvoju, Kairo,od 5. do 13. septembra 1994, Ministrstvo za delo ,družino in socialne zadeve; Nacionalni komite za demografsko politiko, Uredila: Maja Vojnovič

2. Malačič, Janez : Demografija: teorija, analiza, metode in modeli, Univerza v Ljubljani, Ekonomska fakulteta, Ljubljana, 1993

3. Јовановиќ, Амалија: Брачната подвижност во СР Македонија, Скопје, 1982

4. Попис на населението, домаќинствата,становите и земјоделските стопанства во Република Македонија, 1994 година, Книга II, Скопје, 1996, Книга III, Скопје 1997, Книга VII, Скопје 1997 год. Завод за статистика на Република Македонија.

5. Статистички годишник на Република Македонија, 1995, XXX, Скопје, 1995 година.


Amalija JOVANOVIĆ

## SOCIAL STATUS AND SOCIAL MOBILITY OF WOMEN IN MACEDONIA


(Summary)

Paper is dealing with the investigation of social status and social mobility of female population in Macedonia. On the bases of statistical date of the last Census author finds out the facts of unequality in social status and possibilities of upper mobility by chanels of social mobility like economic activity , employment, education and politics what means that women are subordinated and with lower social status .